# Летен камп по физика "Охрид 2018"-искуства и перспективи

Вера Зороска

*Друштво на физичари на Р.Македонија*

**Апстракт.** Во периодот од 12-15 јуни 2018 година се одржа првиот летен едукативен камп по физика во Охрид. Тој се состоеше од едукативен дел (изучување на содржини од физика, решавање на проблеми и концептуални прашања, изведување на демонстрации и експерименти), натпреварувачки дел(квиз), едукативно-забавен дел(физика на водата и физика на воздухот) како и програма за социјална едукација.

Во овој труд е направена анализа на причините и последиците од одржувањето на вакви едукативни кампови. Исто така е даден опис на програмата што се реализираше, нејзиното спроведување како и ефектот кој го предизвика врз учесниците.